**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управата ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02 и 82/08), член 53 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/98 40/03) и Решение бр. 16-8410/1 од 05.11.2008 година, Министерството за образование и наука, распишува

# КОНКУРС

## за доделување на стипендии за студенти од јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија за студиската 2008/2009 година

Министерството за образование и наука за студиската 2008/2009 година ќе додели 1600 (илјадаишестотини) стипендии за студенти од јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија од кои:

- 1360 стипендии за студенти од јавните универзитети во Република Македонија и
- 240 стипендии за студенти од приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија

### I. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

Право на стипендија имаат студентите кои студираат во јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија, а ги исполнуваат следните услови:

1. да се државјани на Република Македонија;
2. да се редовни студенти;
3. да не повторувале година во текот на студирањето;
4. да не се корисници на стипендија или кредит од други установи, институции или компании;
5. студентите во II-та студиска година да не се постари од 22 години.

Критериуми за доделување на стипендиите се:

1. Остварен успех во текот на студирањето - студентите на техничките факултети да имаат постигнат просечен успех од првата до тековно запишаната студиска година од најмалку 8 (осум), а студентите на факултетите од општествените науки, медицинските науки и на факултетите од уметностите да имаат постигнато најмалку 8,5 (осумипол) просечен успех. По основ на овој критериум може да се добијат најмногу 75 бодови. Студентите кои немаат положено најмалку 90% од предвидените испити за претходните студиски години нема да бидат рангирани.
2. Талентираност на студентот – доколку имаат освоено I, II или III награда во групна или поединечна конкуренција на меѓународен или државен натпревар. По основ на овој критериум може да се добие најмногу 10 бодови.

3. Дефицитарност на кадрите од одреден профил - студентите на техничките факултети го добиваат максималниот број на бодови (10), а студентите на факултетите од општествените науки, медицинските науки и на факултетите од уметностите добиваат 6.25 бодови.
4. Материјални можности на студентите и нивните семејства - се земаат месечните примањата по член на семејството на студентот во однос на просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Македонија за последните три месеци. По основ на овој критериум може да се добие најмногу 5 бодови.

## II. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Студентите кои се пријавуваат по конкурсот, треба да пополнат електронска пријава поставена на интернет порталот http://www.raspredelba.gov.mk, почнувајќи од 06.11.2008 година до 16.11.2008 година.

Прелиминарниот список ќе се објави на 17.11.2008 година на интернет порталот http://www.raspredelba.gov.mk.

Приговор по објавените резултати се доставува до министерството од 18.11.2008-24.11.2008 година.

Конечниот список ќе биде објавен на 30.11.2008 година на интернет порталот http://www.raspredelba.gov.mk.

## III. МЕСТО И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

Студентите, кои ги исполнуваат условите по конкурсот и се избрани на прелиминарниот список, потребно е до Министерството за образование и наука, ул.Пролет бр.1 – Скопје, од 18.11.2008-24.11.2008 година да ги достават следните документи:

1. Индекс на увид;
2. Потврда за редовно запишан зимски семестар за студиската 2008/2009 година;
3. Уверение со бројот на предвидени и положени испити од претходните години во кое ќе биде наведено дека кандидатот има положено 90% од испитите од претходните години;
4. Оригинал диплома на увид и заверена фотокопија на нотар за освоена награда на државни или меѓународни натпревари;
5. Уверение од управата за приходи на општината за материјалната положба на родителите - старателот на кандидатот;
6. Уверение од управата за приходи на општината за материјалната положба на кандидатот;
7. Потврди за остварените приходи на вработените членови на семејството (за пензионираните испратница од пензија) за месец септември 2008 година или доколку за овој месец не е исплатена плата, да се достави потврда за последната исплатена плата. За невработените членови на семејството, да се достави потврда од Заводот за вработување дека се невработени или примаат-непримаат паричен надоместок (во потврдата да биде наведен износот на паричниот надоместок, доколку го примаат), додека за учениците и студентите потврди од училиштето, односно факултетот;
8. Изјава на кандидатот дека не е корисник на друга стипендија или кредит;

9. Изјава дека доставените документи се вистинити и податоците се идентични со оние податоци внесени во електронската пријава;

10. Уверение за државјанство на Република Македонија.

**Документите на кандидатите кои се некомплетни, неблаговремено доставени согласно конкурсните рокови и не се идентични со податоците кои се внесени во електронската пријава, нема да бидат разгледувани.**

## IV. ВИСИНА НА СТИПЕНДИИТЕ

Висината на стипендијата ќе изнесува 3.630,00 денари месечно за девет месеци во текот на студиската година.

**За студентите, кои го стекнале правото на студентска стипендија во студиската 2007/2008 година и ги исполнуваат условите согласно потпишаниот договор со министерството, краен рок за продолжување на стипендијата е до 14.11.2008 година.**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**